#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Жапче | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 7 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Оптимизам |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 20 минути |
| **Цели** | |
| Да се развиваат позитивни емоции и соработка помеѓу членовите во семејството | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето вербално ги искажува своите емоции. | |
| **Насоки** | |

***Претходна подготовка за активност***

Подготовка на лист хартија и прибор за пишување

***Инструкции/насоки за играта***

Изработка на жапчето-оригами

1. Започнете со превиткување на страните како на примерот. Превиткајте ги страните дијагонално во двете насоки;
2. Превиткајте го секој агол во средишната точка;
3. Превиткајте повторно и преклопете го секој агол во средишната точка;
4. Превиткајте го листот на половина како на примерот во двете насоки и отворете го;
5. Избројте ги сите превиткани делови од 1 до 8;
6. Отворете го секој дел (секоја осмина) и напишете по една работна обврска во домот и убава мисла покрај неа.

Обврска или мисла

- Избриши ја прашината / Запеј ја твојата омилена песна

- Намести ја постелнината на креветот / Раскажи го твојот последен сон на кој се сеќаваш
- Подготви салата за денешниот ручек / Танцувај во кујната
- Стави им вода на цвеќињата / Кажи им на членовите од семејството некој убав збор за нив
- Нареди ги книгите во домот / Направи една вежба за релаксација
- Среди ја својата облека / Кажи една шега
- Исчисти го подот / Нацртај го твоето омилено овошје
- Избриши ги и дезинфицирај ги кваките на вратите / Правилно измиј ги рацете

7. Превртете го листот и обојте го секој дел како што е прикажано (црвена, сина, розова и зелена боја).
8. Користете ги прстите за да ги отворите како на примерот, вметнувајќи ги во четирите отвори.

***<u>Активност/игра</u>***

Еден член од семејството ги движи полињата на жапчето со помош на прстите и кога другиот ќе каже СТОП потребно е да се прочита и изврши задачата која е дадена на полето. Играта продолжува со сите членови на семејството.

| **Прилози** | **Материјали** |
| --- | --- |
| <u>Прилог бр. 1</u><br><br>Шема оригами | Лист хартија и прибор за пишување |

| **Активноста е подготвена од:** |
| --- |
| Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајн: Катерина Николовска<br><br>Лектура: Јана Михајловска<br><br>Превод: Агим Лека |





# Оригами - ЖАБЧЕ

1



Започни со превиткување на страните како на примерот. Превиткај ги страните дијагонално во двете насоки.

2



Превиткај го секој агол во средишната точка.

3



Превиткај повторно и преклопи го секој агол во средишната точка.

4



Превиткај го листот на половина во двете насоки како на примерот и отвори го.

5




На секој од превитканите делови напиши ги броевите од 1 до 8.

6



Отвори го секој дел (секоја осмина) и напиши по една убава мисла. Еве неколку примери/идеи:

1. Избриши ја прашината / Запеј ја твојата омилена песна
2. Намести ја постелнината на креветот / Раскажи го твојот последен сон на кој се сеќаваш
3. Подготви салата за денешниот ручек / Танцувај во кујната
4. Стави им вода на цвеќињата / Кажи им на членовите од семејството некој убав збор за нив
5. Нареди ги книгите во домот / Направи една вежба за релаксација
6. Среди ја својата облека / Кажи една шега
7. Исчисти го подот / Нацртај го твоето омилено овошје
8. Избриши ги и дезинфицирај ги кваките на вратите / Правилно измиј ги рацете

7




Превртиги листот и обој го секој дел, како што е прикажано (црвена, сина, розева и зелена боја).



Заврши го „Оригами раскажувачот на иднината". Користи ги прстите за да ги отвориш како на примерот, вметнувајќи ги во четирите отвори.

